РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-968/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 6 - та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-968/1 од 04.03.2024 година, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори, 2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што пријавените наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик и не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Предметот со број 12-968/1 од 04.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 04.03.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за претседателски и парламентарни избори, 2024 година и оформен е предмет број 12-968/1 од 04.03.2024 година. Во пријавата, изнесени се наводи против лицето -------- - ------------ од Скопје кое било вработено како главна сестра во ЈЗУ Здравствен дом ----------- и на --------------- универзитет, а во исто време наведеното лице било и советник во -----------.

При разгледувањето на анонимната пријава, ДКСК го констатира следново:
- пријавата е доставена преку Образец – ПРИЈАВА за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за претседателски и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

парламентарни избори, 2024 година, која е објавена на веб страницата на ДКСК заради пријавување на изборни прекршувања за време на тековните изборни процеси;

- наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Врз основа на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: Ј.Ц..

Одобрил: З.Б.,член на ДКСК